# ВОСТАНИЕТО НА КАРАТАШО НА ХАЛКИДИК
# (1854)

**Далибор Јовановски**

Односите помеѓу Големите сили имале влијание врз состојбите на Балканот. Понекогаш нивните меѓусебни недоразбирања започнувале во друг дел од светот, но последиците од заострувањето се чувствувале во регионот. Западните земји сакале да го намалат влијанието на Русија во османлиската држава и за тоа чекале поволен момент. Француския монарх Наполеон III, како што забележал Ален Тејлор, во неговата бескрајна потрага за престиж, ги поддржал барањата на католичките свештеници за контрола на Светите места во Ерусалим. Османлиите, од своја страна, тоа сакале да го искористат за да ја засилат својата улога. Па така, иако многумина сметале дека тоа го направиле под француски притисок, дозволиле Светите места да бидат управувани од страна на католиците. Русија тоа не можела да го прифати. Османлискиот потег довел до заострување на руско - османлиските односи, кое водело кон вооружен судир помеѓу двете земји. Русите, нормално, планирале да испратат свои емисари на Балканот со цел да го поттикнат населението против османлиската власт. Така, според Миноски, Константин Петкович од Башино село, требало да замине на мисија во Цариград, Македонија, на Света Гора и на други места. Во овој период на Света Гора се вратил Натанаил Кучевишки кој во својата автобиографија говори за план за востание, но како што забележал, бавното напредување на руската војска ги премислило.

Тука ќе посветиме внимание и на состојбите во Грција и влијанието на заострувањето на руско - османлиските односи врз Грција. Тоа е важно, бидејчи Цами Караташо бил грчки државјанин, а таму имало и емигранти од османлиска Македонија. Преминувањето на реката Прут од страна на руските трупи во јули 1853 година било знак за пожестоко распалување на воената и националистичката треска во Грција. Започнало запишување на доброволци, а јавно се говорело дека дошло времето за преместување на престолнината од Атина во Цариград. Весникот Αιων предничел со воено-подбуцнувачките текстови, а во една статија од 20 јули 1853

година отворено се говорело за востание во Епир, Тесалија и Македонија и се повикувало населението на спомнатите области да земе учество во истото. Затоа не чуди тоа што присуството на емисари на атинската Влада и комитети станувало се позабележително во Епир и Тесалија. Стравот дека евентуалниот пораз на османлиската војска на Дунав, во веќе извесната војна со Русија, ќе биде искористен од страна на Грците за да предизвикаат востание во Тесалија и нејзино окупирање сè повеќе се засилувал. Во Грција повеќе не се криела желбата за избувнување на воен судир помеѓу Русија и Османлиската држава, а тоа да биде искористено за востание во Епир и Тесалија. За таа цел близу до границата било концентрирано поголемо количество на оружје и барут.

Почетокот на руско - османлиската војна во октомври 1853 година, како што можело да се очекува, предизвикало големо раздвижување во Грција, а Кралот и Владата предвидувале пораз и распаѓање на Османлиската држава. Во Атина било формирано Филеленско друштво со цел да се собираат средства за регрутација на доброволци, а во печатот сè повеќе имало написи насочени против Османлиската држава. Во Епир навлегла една поголема грчка чета. Османлискиот амбасадор во Атина протестирал против навлегувањето на грчките чети, а амбасадорите на Франција и Англија упатиле остар демарш до Отон.

Развојот на воените дејства на руско - османлискиот фронт, а посебно катастрофата на султановата флота кај Синоп во ноември 1853 биле сигнал за засилувањето на бунтовничките активности на Грците. Во реонот на Касандра крстареле грчки емисари, кои меѓу населението проповедале дигање на востание. Истовремено Англија и Франција настојувале да го спречат населението во Епир и Тесалија да востане, а нивните агенти ги обиколувале овие области и се обидувале да го одвратат населението да крене востание.

Заканите на Англија и Франција воопшто не влијаеле врз однесувањето на грчките власти, зошто овие биле убедени во крајот на Османлиското царство. На почетокот на јануари 1854 година во Македонија биле испратени воени лица со цел да го подготват теренот за востанички акции. Тогаш се засилува делувањето на привrзаниците на Големата идеја. Тие претежно биле грчки поданици и членови на тајните здруженија. Со својата активност тие го зголемувале анимозитетот кон муслиманите, а со тоа се труделе на своја страна да ги привлечат и останатите негрчки христијани. Приврзаниците на Големата идеја ја пропагирале идејата за рушење на Османлиската држава и подигање на пространа Грчка империја, која би ги опфаќала кралството Грција и целиот европски дел на Османлиското царство.

Во јануари 1854 година биле планирани синхронизирани востанија во Епир, Тесалија и Македонија, но на големо изненадување востание избило само во Епир каде на 15 јануари во Радовици дошло до побуна. Тогаш во Епир започнало и помасовно навлегување на грчки чети на чие чело биле грчки офицери, но и учесници во востанието од 1821 година.

Состојбите во регионот, очигледно, биле сѐ повеќе запаливи. Османлиските власти не можеле да седат со скрстени раце и покрај војната со Русија. Тие се труделе да ги откриваат и разбиваат разните заговорнички групи. Така, според некои информации, во јануари 1854 година била откриена организирана завера во Албанија, Епир, Тесалија и Македонија. Исто така во еден француски извештај можела да се забележи османлиската загриженост од можноста за немири во јужните делови на Македонија. Затоа не чуди зошто османлиските бродови крстареле по Егејското море. Инаку, воопшто не чуди што за активностите на теренот биле обвинувани руските агенти.

Исто така и некои од европските земји продолжиле да пројавуваат голем интерес за развојот на ситуацијата. Британците биле многу загрижени од информацииите кои ги добивале од теренот. Така, во февруари 1854 година британската дипломатија имала информации дека во пограничните области на османлиската држава со Грција, подготовките за востание биле во доста напредна фаза, а веќе забележавме дека грчките заговорници започнале и со делување.

Во една таква атмосфера емигрантите од османлиска Македонија сигурно дека не можеле да останат по страна. Така, во февруари 1854 година Каратašо формирал одред, кој бил составен од доброволци меѓу кои имало и луѓе со потекло од Македонија, со цел да се истовари на Касандра за да се обедини со поголем број на борци за кои се тврдело дека се подготвуваат во манастирите на Света Гора. Многу брзо по формирањето на овој одред, Караташо заминал кон Спорадите од каде требал да се истовари во Македонија. Васдравелис пишува дека Караташо од Скопелос ги набљудувал непријателските бродови, најверојатно за да види како може полесно да стигне до Халкидик. Потоа заминал на малиот остров на Спорадите - Кира Панагија каде била дадена заклетва на доброволците.

Најверојатно неговите активности биле забележени и следени од странските дипломати во Атина. Британскиот пратеник во грчката престолнина во еден свој извештај од 17 март 1854 година известувал дека постоел востанички план за Македонија кој ќе го изведел Цами Караташо.

Како што можело да се очекува, продолжувањето на грчките акции предизвикало уште пожестоки англиски и француски реакции. Исто така и од страна на Портата било најавено заземање на поцврст став кон Грција. Предупредувања почнале да пристигнуваат и од грчките дипломатски претставници во европските престолнини. Грчките амбасадори во Париз, Лондон и Цариград - А. Маврокордатос, С. Трикупис и А. Метаксас, стари и искусни политичари, укажувале на опасноста по државата како резултат на политиката која се води.

Состојбата во приморските делови на османлиска Македонија навидум била мирна, но грчките емисари активно работеле и ги користеле настаните во Тесалија и Епир за да ги запалат чувствата на населението. Успесите на востаниците во Тесалија, во околината на Фарсала, но и новите грчки навлегувања во споменатата османлиска област, предизвикале дополнителна загриженост во Солун. Загриженоста на Османлиите била зголемена со близината на островите Специос и Хидра до Халкидик, што значело и поволност за истоварување. Комитетот, кој бил формиран во Атина, за собирање на донации наменети за помош на востаниците, испратил писмо до некои личности во Солун, во кое бара помош, но и покрај неколкуте мали донации предадени на пратеникот на комитетот од Атина, овој апел не постигнал поголем успех.

Развојот на состојбите во грчко - османлиските односи, довел до големо заострување на односите помеѓу Атина и Цариград, кој имал подршка од Франција и Англија. На 19 март 1854 година, османлискиот амбасадор во Атина, Нешет - беј, се сретнал со грчкиот министер за надворешни работи, Пајкос, на кого му нагласил дека неговата Влада сакала да ги зајакне односите со Грција и затоа очекува од истата да престане да ги толерира и помага востаничките активности, при што упатил и ултиматум до грчката Влада. Со ултиматумот Портата, меѓу другото, барала ветување дека водачите Цавелас, Зервас, Петрас, Караташо, Кондојанис, Папакостас, Вејкос, Караискакис и Басдекис да се вратат во Грција во рок од десет дена и да се состави комисија која ќе им суди. Ако тие одбијат да се вратат, тогаш веднаш да се казнат. Исто така било побарано да се запре вооружувањето во државата кое за цел ги има пограничните области, да се прекратат воените подготовки и да се казнат сите чиновници кои ги распалуваат страстите. За одговор биле дадени два дена.

Треба да забележиме дека во тој период Караташо најверојатно сѐ уште бил во Грција. Атинската влада, која и онака немала намера да го прифати ултиматимот, ова го сметала за мешање во внатрешните работи. По два дена Пајкос повторно се сретнал со османлискиот дипломат. Во текот на разговорот во врска со наведените личности,

Пајкос рекол дека тие повеќе не биле чиновници на грчката Влада, бидејќи претходно поднеле оставки во службите, а со тоа и не подлежат на нејзини наредби и не е во можност да им суди. Пајкос го известил османлискиот амбасадор дека грчката Влада презема мерки за спречување на вооружувањето против соседната држава колку што била во можност, а за написите во весниците, грчкиот министер рекол дека ќе бидат преземени мерки, но Портата требала да знае дека и грчката Влада од истите била критикувана заради мерките што ги преземала во поглед на безбедноста во пограничните области.

Одговорот на грчката Влада не ги задоволил османлиските барања. Како резултат на незадоволство од грчкиот одговор на 21 март 1854 година, османлискиот амбасадор во Атина ја напуштил грчката престолнина, со што биле прекинати дипломатските односи меѓу двете земји. Караташо, кого султановиот амбасадор го спомнува во своето барање, не им бил непознат на Османлиите. Тој бил вклучен во планирање на бунтовнички активности против османлиската власт во 1841 година. Неколку години подоцна го предизвикал инцидентот со османлискиот амбасадор во грчката престолнина, Мусурос. Тој одбил да му даде виза на Караташо, кој бил и аѓутант на грчкиот крал, за влез во османлиската држава. Причината лежела во активноста на Караташо која веќе ја спомнавме. Незадоволен од постапката на османлискиот амбасадор, Караташо јавно го навредил Мусурос. Оваа негова постапка довела до сериозно заладување на односите помеѓу двете соседни земји.

Постапката на османлиската влада не била случајна. Таа, најверојатно, добро знаела дека и двете западни држави кои тогаш биле нејзини сојузнички не се согласувале со грчкото однесување. Францускиот и британскиот амбасадор во Атина официјално го известиле грчкиот министер за надворешни работи дека нивните влади решиле да ги блокираат грчките пристаништа и да ги конфискуваат сите бродови кои пренесувале оружје и воен материјал. Со тоа започнал поголем притисок на Франција и Англија врз Грција со цел последнава да биде принудена да ги напушти активностите кои воделе кон судир со Османлиската држава.

Засилениот притисок на западните сили не ги прекинал активностите на разните здруженија во Грција во кои членувале и емигранти од разни делови на Балканот. Караташо со доброволците, на 6 април 1854 година успешно се истоварил на Лонгос кај Каламици. Ова истоварување претставувало успех бидејќи тој бил очекуван на Касандра, но со успешни маневрирања успеал да ги избегне османлиските и француските бродови. Французите за намерата на Караташо дознале откако заплениле еден грчки брод при што неговиот капетан протестирал против тоа

и ги информирал дека поголем број на борци, кои биле натоварени на мали бродови се упатиле кон Сикија, во чија близина и се истовариле, а потоа се упатлие кон Свети Никола, а на нивно чело бил Караташо. Во Сикија борците на Караташо се судриле со тамошните османлиски сили кои ги поразиле. Според некои информации Караташо располагал со 6 топа. Секој судир носи човечки жртви. На борците на Караташо, од страна на противниците, во случајов Англичаните, им се припишувале акти на насилства и пљачкање. Истото го тврделе и Французите. На пример, во парискиот весник La Presse на востаниците им се припишуваат мошне лоши работи. Некаде дури биле наречени и авантуристи. Сигурно дека во редовите на востаниците имало и луѓе со сомнителни морални особини, па и разбојници, кои после задушување на востанието продолжиле со старата работа. Во сите востанија и револуции има такви личности. Но, целта на таквото прикажување била повеќе од јасна - тие биле разбојници, а не востаници. Односно тие што се со мене се добрите, а противниците се лошите, иако можеби било обратно. Сепак, како што напишал Џејмс Реид, Карататшо, поточно востаниците под негова контрола, не убивале жени или цивили во акциите.

Османлиските власти добиле известување за истоварувањето на Карататшо. Тие морале да преземат чекори со цел да не се прошират акциите на Карататшо. Затоа било неопходно да испратат воени сили кон Халкидик со цел да се справат со бунтовниците. За нивна среќа тука биле присутни француските поморски сили кои делувале по брегот со цел да внимаваат на сите движења на бродови кои можеле да бидат опасни по османлиските интереси. Францускиот воен брод Херон презел една мисија на патролирање по солунскиот залив и околу Касандра, која немала голем материјален успех, но со неа се сакало да се влијае врз христијанското население Всушност овој француски брод извршил едена помала акција врз бунтовничките бротчиња. Како што забележал францускиот конзул од Солун, материјалниот резултат од дејствување на францускиот брод бил минорен, но затоа тој довел до разочарување кај христијаните, а во исто време ќе им даде енергија на Османлиите. Всушност акцијата на францускиот брод не била случајна. Веднаш по добивањето на вестите за истоварувањето на Карататшо на Халкидик, солунскиот паша го посетил францускиот конзул во градот со цел да му ја изрази својата загриженост од настанот. Францускиот конзул, откако увидел дека тоа може да влијае на сојузништвото со Османлиите се ангажирал за акцијата на бродот Херон. Од друга страна Османлиите, со цел да се спречи можното пристигање на засилување за Карататшо од Скјатос и Скопелос, го засилиле патролирањето околу Халкидик со осум бродови. Османлиите и нивните западни сојузници сметале дека со прекинувањето на линиите по кои

Караташо можел да добива помош, особено ноќе, неговиот отпор полесно би бил скршен.

По истоварувањето, Караташо испратил писмо до селаните на Полигирос во кое барал обезбедување на намирници, но одредени првенци, кои имале свои интереси, за ова ги известиле османлиските власти во Солун. Инаку во тие моменти некои од странските конзули во Солун сметале дека Караташо добро ја разбирал ситуацијата на теренот и би можел да се обиде да го нападне градот. Сметаме дека овие информации се малку претерани. Можеби во Солун немало доволно османлиски сили, но доколку Караташо навистина мислел да го нападне градот, тогаш тоа и би го сторил. Во меѓувреме и централните власти во Цариград почнале да ја сфаќаат тежината на ситуацијата, па затоа испратиле засилување во Солун - два пешадиски батаљона и фрегатата Феиз Бахар. Праќањето на засилувањето за османлиските сили во Солун, од страна на англискиот амбасадор во Атина било оценето како брза реакција која ќе ги направи доволни силите за справување со ситуацијата. Во овој извештај е интересно да се забележи дека амбасадорот не очекувал некои поголеми последици од акцијата на Караташо, за чија активност сметал дека повеќе е провокација, отколку востание.

На теренот востаниците ја развивале својата активност. Караташо дознал дека османлиски сили биле пратени кон Ормилја за да се спречи неговото навлегување кон Полигирос. Караташто се обидел да ја заземе Ормилја, но османлискиот гарнизон пружил жесток отпор и тој морал да се повлече. Меѓутоа, неговиот соработник Атанасиос Влахомихали успеал да го ослободи Полигирос. Според тоа што се знаело во ова место владеело големо задоволство од новата состојба, па дури и дека околу 100 млади луѓе им се приклучиле на востаниците. Во Полигирос дошол и самиот лидер на востаниците, Караташо. Но, Османлиите не седеле со скрстени раце. Кон Полигирос се упатил Хасан ага со значителен башибозук. Нему му се приклучил и Махмуд бег. Караташо се повлекол, а местото останало без заштита. Таму влегле Хасан ага и неговите луѓе, кои извршиле злосторства врз тамошните жители.

По повлекувањето од Полигирос Караташо заминал, најверојатно преку море се упатил во месноста Комица на Атос, каде се утврдил. Во меѓувреме пристигнало засилувањето на османиските сили во Солун кое било упатено кон бунтовниот реон. Караташо располагал со неколку стотини вооружени луѓе. На него се движела неколкупати поголема османлиска војска. На почетокот на мај 1854 година османлиските сили го нападнале Караташо. По неколкучасовна битка османлиските сили ги поразиле бунтовниците. Според Поплазаров на двете страни имало големи

загуби. Караташо бил принуден да се повлече бидејќи неговата сила била разбиена. Треба да се забележи дека за оваа битка се пишувало и во тогашните британски списанија. И во францускитe весници било пишувано за битката кај Комица. Таму било нагласено дека Караташо е конечно победен. Најверојатно поразот на Караташо станал интересен за сојузниците на османлиската држава. Во оваа битка покрај големите човечки загуби на востаниците, османлиските сили заробиле поголема количина на оружје, две знамиња, некои документи, печатот на лидерот како што било наведено во едно британско списание. Солунскиот паша очигледно бил задоволен и добро информиран дека водачот на востаниците се повлекол на Света Гора.

Освен на Халкидик, османлиските власти имале големи проблеми и во најјужните делови на државата. Во Тесалија борбите помеѓу османлиските воени сили и грчките бунтовници се повеќе се засилувале. Борбите се воделе и во близина на најголемиот град во Тесалија, Лариса, а речиси целиот залив на Волос бил контролиран од страна на Грците. Бунтовниците се појавиле и на западните падини на Олимп и во близината на Серфице, а борби имало и во околината на Гревена. Раководител на овие востанички групи бил Теодорос Зјакас, а целта на операциите била навлегување во југозападниот дел на приморска Македонија со цел да се спречат османлиските сили да навлегуваат од Епир и обратно. Исто така оваа област требала да биде претворена во координативен центар на востаничките области во Епир, Тесалија и Македонија.

Развојот на состојбите на теренот довел кои не биле во корист на интерсите на Велика Британиј и Франција, ги принудил овие две европски сили во мај да извршат окупација на Пиреја и да го принудат кралот да состави нова влада на чело со Маврокордатос, дотогашен грчки амбасадор во Париз, а во која биле вклучени приврзаници на проанглиската и профранцуската партија во Грција. Новата Влада издала декрет за амнестија со кој се овозможувало враќање на четите и нивните команданти, а тоа било всушност начин тие да се заштитат од можните османлиски барања за нивно судење, согласно со ултиматумот од 19 март.

На Халкидик, Караташо се обидел да добие дозвола од калуѓерите на Света Гора за да се засолни во некој од манастирите, но неговото барање било одбиено. Затоа морал да се повлече кон Палеохори и Ново Село. Така известувал францускиот конзул. Поплазаров смета дека Караташо имал тајна помош од селаните, манастирските слуги, од чуварите. Најверојатно е така, бидејќи во спротивно не би

можел да ги избегне османлиските сили, кои сигурно би биле мошне задоволни доколку го заробеле.

Каратшо за време на својата активност на Халкидик упатил еден проглас до населението. Тука би сакал да посветам мало внимание на Прогласот кој Каратшо го упатил до жителите на Македонија. Тој ги повикува нив да се кренат на востание против османлиските власти. Во својот проглас, Каратшо никаде не го поставува прашањето за припојување на Македонија кон Грција, иако во извештаите на францускиот конзул од Солун, Морнар, востанието на Каратшо се третира како грчко, а исто така и кај грчките автори. Миноски пишува за неговата титула како Главен шеф на Македонија. Тој смета дека крајната цел на вооружената борба била мошне амбициозна: ослободување на Македонија и создавање на македонска држава. Поплазаров осврнувајќи се на потпишувањето на Каратшо како Главен шеф на Македонија забележал: „Што точно значи тоа, не е можно да се утврди, но може да се каже дека во ни еден од француските и австриските конзулски извештаи објавени од А. Вакалопулос не се зборува за некакви акции за присоединување на Македонија кон Грција или за било какви големогрчки и антисловенски истапи. Значи востанието имало борбени слободољубиви цели“. Кога е во прашање Каратшо, не било никаква тајна дека тој се залагал за соработка со словенскиот елемент на Балканот. Вакалопулос, кога е во прашање титулата Главен шеф на Македонија, смета дека таа била потребна заради координираност на акциите на Каратшо и оние во Тесалија и јужна Македонија. Имено, тој, кога говори за позицијата Главен шеф на Македонија, тврди дека со тоа назначување, Каратшо всушност ги координирал операциите не само на Халкидик, туку и во другите реони на јужна Македонија. Во статијата на Васдравелис, посветена на востанието на Каратшо, е забележано дека овој уште пред да се истовари на Халкидик бил прогласен за Главен шеф на Македонија. Тоа се случило на островот Кира Панагија. Треба да се спомене дека според еден документ, е забележано оти Каратшо во една изјава се потпишал како Главен шеф на Македонија. Изјавата се однесувала на правото на еден египетски Грк да замине каде сака, а била издадена на 8 април 1854 година. Кога се говори за овој проглас секогаш треба да имаме предвид неколку работи - потеклото на Каратшо, неговата претходна позиција во грчкото општество - тој бил аѓутант на грчкиот крал, но и неговата активност во иднина, а таа била поврзана со соработката на сите кои биле против османлиската власт на Балканот. Мора мошне внимателно да се пристапува со оцени за овој негов проглас.

Каратшо, увидувајќи дека не може да се справи со османлиските сили и нивните француски сојузници, стапил во преговори со францускиот барон Русен за да

се повлече во Атина. Условот на Караташо бил едноставен - тој ќе ја прекрати својата воена активност доколку му биде дозволено заедно со своите луѓе да се повлече за Атина. Двајцата успеале да се договорат Караташо безбедно да го напушти Халкидик. Најверојатно и на францускиот преговарач му било важно што побрзо да се заврши работата на Халкидик. Проблем за реализирање на договорот била позицијата на Караташо. Тој бил блокиран и на копно и по море. Османлиските власти со воен брод го блокирале заливот помеѓу Лонгос и Света Гора со цел да не дозволат заминување на Караташо. Затоа Французите морале да интервенираат во Солун. Баронот Русен и францускиот конзул, Морнар, се сретнале со солунскиот паша и му предале писмо во кое се жалеле на однесувањето на османлиската морнарица, притоа барајќи негова интервенција. Нивната мисија била успешна, а пашата обезбедил и еден египетски трговски брод како помош за транспорт на борците на Караташо. Конечно на 13 јуни 1854 година, Караташо со дел од востаниците заминал за Атина. Натанаил Кучевишки во својата автобиографија напишал дека бродовите дошле по налог на атинската влада, што, забележуваме не е точно. Со тоа бил ставен крај на ова востание.

Активноста на Караташо на Халкидик, забележавме погоре, не била интересна само за дипломатите, туку и за печатот во Европа. За него биле пишувани и работи кои не биле вистинити, но некои негови активности биле реално прикажувани. Современиците на настаните, најверојатно под влијание на поразот на востанието, пишувале дека Караташо не добил никаква поддршка, ниту одобрување од православните во Османлиската империја. Таков став може да го сретнеме кај Убичини. Интересно е да се забележи дека името на Караташо понекогаш било мешано со активноста на други луѓе. Така во едно француско списание од тој период може да најдеме таква замена. Имено во делот од статијата кога се говорело за востаничките акции во Тесалија, како главен командант на акциите бил наведен Цами Караташо, кој бил поразен од османлиските сили. Според Ристо Поплазаров слично може да забележиме и во биографијата на Натанаил Кучевишки, кој тогаш бил во Зографскиот манастир. Натанаил го именува Караташо како Кара Тоша, а кога пишува за повлекувањето на востаниците истиот го нарекува Чамов. Од ова Поплазаров извел заклучок дека Натанаил сметал дека се работи за две различни личности. Инаку треба да забележиме дека Натанаил востаниците ги смета за грчки. За акциите на Караташо во 1854 година може да најдеме податоци и во влијателното британско списание Gentleman's Magazine and Historical Review. Според тамошниот напис востаниците во Тесалија и Македонија под раководство на Караташо имале одреден успех заземајќи неколку села, но според последните информации на списанието тие претрпеле пораз. Во минхенскиот весник Allgemeine Zeitung од 1 јули

1854 година, се известува за повлекувањето на Караташо од Халкидик, нарекувајќи го капитулација. Интересно во француските весници се појавила и информација дека по враќањето на водачите на востанијата во Грција, меѓу кои бил и Караташо, османлиската влада решила повторно да ги отвори пристаништата за грчките бродови. Во Грција француските војници, според пишувањата на печатот, со интерес го очекувале враќањето на Караташо во Халкида.

Се поставува прашањето зошто ова востание кое релативно брзо било задушено од страна на османлиските сили, поточно борбата кај Комица нашла таков одраз во некои весници во Англија и Франција? Ако се има предвид дека бил сметан за човек близок на т.н. руска партија во Грција тогаш работите стануваат појасни. Тој бил сметан како руски човек во Атина, иако можеби не бил. Русија била непријателот на Франција и на Велика Британија, а тоа значи дека неговата дејност претставувала проблем за двете западни држави кои се заложиле за зачувување на османлискиот интегритет, кој бил цел на заедничкиот непријател Русија.

Враќањето на Караташо во Грција предизвикал интерес кај некои кругови во Атина. Во атинското списание на француски јазик Le Spectateur de l'Orient набрзо по враќањето на Караташо во Атина со многу пофални зборови се пишувало за неговата акција на Халкидик, а се истакнувала и неговата храброст. Според авторот на статијата неуспехот на востанието се должело на делувањето на англиските и француските бродови кои ја оневозможиле секоја помош за Караташо. За оваа констатација авторот се повикува на британски документ.

Караташо најверојатно не бил задоволен од резултатот на својата акција на Халкидик, а можеби и се чувствувал напуштен. По враќањето во Атина Караташо, според англиски извор, се потпишал на еден документ во кој, заедно со Теодорос Гривас и Папакоста Цамалас, ја нападнале грчката влада за неуспехот на востанијата во кои тие учествувале, притоа обвинувајќи ја за добивање на пари од страна. Тие побарале истрага за тоа што се случило. Во истиот документ било наведено дека целта на вооружената акција било ослободување на поробените браќа од османлиското ропство, најверојатно сакајќи да се засилат нивните аргументи.

Акцијата на Караташо на Халкидик не успеала заради повеќе причини. Османлиската држава релативно брзо реагирала на овој негов потфат. Тој не можел да добие помош од страна, поточно од Грција, бидејќи биле прекинати поморските комуникации со активност на османлиски и француски бродови. Помошта која Франција и Англија ја давале на Османлиската Империја имала и правна основа. Овие три држави во март 1854 година склучиле договор за англо - француска помош и

поддршка на султановата држава. Во Атина дошло до формирање на нова влада која била прозападно ориентирана, која за помалку од една година по враќањето на Караташо во Атина, склучила договор со Османлиската држава. Караташо не можел, и да се обидел, да ги прошири своите акции кои би прераснале во вистинско востание. Неуспехот во 1854 година сепак не го обесхрабрил овој бунтовен и активен човек. Тој и понатаму продолжил со активност на планот на борбата против Османлиите, залагајќи се за соработка помеѓу христијаните на Балканот.

**Литература:**


Αιων, 1854

Allgemeine Zeitung, 1854

Βακαλοπουλος Αποστολος, Νεες ειδησεισ για τις επαναστασεις τοθ 1821-1829 και 1854 στη Μακεδονια, Μακεδονικα, 28, 1992

Βασδραβελλης Ιωαννης, Η επανασταση του 1854 εις την Χαλκιδικην χερσονησον, Μακεδονικα, 5, Θεσσαλονικη, 1963

Δοντας Δομνα, Η Ελλας και οι δυναμεις κατα τον Κριμαικον πολεμον, Θεσσαλονικη, 1973

Dontas Domna, Greek insurrectionary movement in Epirus, Thessaly and Macedonia, Ελληνικες ανκοικοινισεις στο Ε διεθνες συνεδριο σπουδων νοτιοανατολικης Ευροπης, Αθηνα, 1985

Жизненописание Митрополита Охридо-полдивскаго Натанаил (автобиографични бележки), Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, кн VII (XXV), София, 1909

Јовановски Далибор, Грчката балканска политика 1830-1881, Бато & Дивајн, Скопје, 2005

Journal des debats politiques el litteraires, 1854

La Presse, 1854

Le Spectateur de l'Orient, 1re anne, t. 2, 1854

Миноски Михајло, Влијанието на политичките процеси и промени на Балканот врз формирањето на македонската нација до Разловечкото востание (1876), Македонија. Прашања од историја, МАНУ, Скопје, 1999

Παπαδοπουλου Στεφανου, Οι επαναστασεις του 1854 και 1878 στην Μακεδονια, Θεσσαλονικη 1970

Пољански Андонов Христо, Британски документи за историја на македонскиот народ, т. 3, Архив на Македонија, Скопје, 1982

Поплазаров Ристо, Великогрчката политика на кралството Грција спрема Македонија во втората половина на XIX век, ГИНИ, XIV/1. Скопје, 1970

Поплазаров Ристо, Востанието на Караташо во 1854 година, Историја XII/ 1 - 2, Скопје, 1976

Поплазаров Ристо, Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во периодот 1850-1878, ИНИ, Скопје, 1978

Reid James, Crisis of the Ottoman Empire. Prelude to Collapse 1839-1878, Franz Steiner Verlag, Stuttgart, 2000

Τοζης Γιαννης, Αμερικανικαι και αγγλικαι πληροφοριαι περι της επαναστασεως του 1854 εν Μακεδονια, Μακεδονικα, 3, Θεσσαλονικη, 1956

Ubicini M.A., Letters on Turkey. An account of the religious, political and commercial condition of the Ottoman Empire, John Murray, London, 1856

Цариградки вестник, 1853-1854

Correspondence respecting the rights and privileges of the Latin and Greek churches in Turkey, Harrison and sons, London, 1854